Општина Конче

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ЈАВНИТЕ ДЕЈНОСТИ ЗА 2026 ГОДИНА**

ОБЛАСТИ;

1.Развој на спортот,младите и рекреацијата и образованието во општина Конче
2. Развој и подршка на НВО секторот во општина Конче
3. Развој на културата во општина Конче.

Декември 2025 година

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Сл. весник на РМ“ бр.5/02 и “Сл. весник на РСМ“ бр.202/24) и член 11 став 1 точка 11 од Статутот на општина Конче, Советот на општина Конче на седницата, одржана на 16.12.2025 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ЈАВНИТЕ ДЕЈНОСТИ ЗА 2026 ГОДИНА**

## ОБЛАСТ: 1. РАЗВОЈ НА СПОРТОТ, МЛАДИТЕ И РЕКРЕАЦИЈАТА

### 1. Вовед

Со Програмата за активностите во областа на спортот и младите во 2026 година, ќе се продолжи со реализација на проекти во функција на подобрување на условите за спортување, натпреварување и рекреирање на граѓаните од подрачјето на општина Конче.
Со подршката на спорот се создаваат услови за поквалитетни натпреварувања на спортските клубови како и поголема заинтересираност и масовност на младите за спортски активности.
Практикувањето на спорот особено кај младите се повеќе претставува неоходна потреба на младите од општината и природна потреба за нормален психофизички развој и спречување на појава на телесни деформитети.
Со програмата се планираат активностите на општина Конче во областа на спортот, младите и рекреацијата и средствата за финасирање на истите за 2026 година.

### 2. ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за спорт и рекреација на Општина Конче во областа на спортот, младите, образованието и поддршка на невладиниот сектор во 2026 година се:
1. Основни цели на оваа Програма се:
- Остварување учество на Општина Конче во организирањето, одвивањето и збогатувањето на спортскиот живот во општината, во согласност со потребите и интересите на граѓаните;
- Афирмирање на Општина Конче како подржувачи поттикнувачи на спортот;
- Унапредување на условите и можностите за остварување на спортските активности на децата и младината, спортистите и на спортско-рекреативните активности на граѓаните;
- Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативните активности на граѓаните, особено младите и здруженијата на граѓани од областа на спортот;
-Подршка на училишениот спортски систем и спорт за сите;
- Подршка на Традиционални спортски натпревари и манифестации;
- Афирмација на Општина Конче во која особено внимание се посветува на создавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности.
- Промовирање на можностите на Општина Конче да биде домаќин на одделни спортски манифестации од мегуопштински ранг и поддржување на иницијативите што се преземаат на тој план;

### 3. АКТИВНОСТИ

Активностите во областа на спортот, Општина Конче ќе ги насочи кон поттикнување, поддржување и помагање на остварувањето на целите на оваа Програма.
Во таа смисла ќе се спроведуваат активностите за:
-Заживување на спортските манфиестации со традиција за кои постои интерес кај граѓаните, спортските манифестации и спортистите од странство;
-Учество во организирањето натпревари со локална и регионална мрежа
-Иницирање и реализирање посебни програми за создавање услови за спроведување спортски активности на спортистите аматери, на учениците и младината;
- Поддржување на иницијативите и активностите за одвивање и развој на спортски дисциплини кои не се присутни во Општина Конче, а имаат значајно место на спортските манифестации;
-Овозможување поинтензивна комуникација на наши спортисти и нивните здруженија, со спортистите од други градови, региони и светот, заради унапредување на меѓусебната соработка.

**4.ФИНАНСИРАЊЕ**

Активностите на општина Конче од областа на спортот, утврдени со оваа Програма, ќе се финансираат од средства на Буџетот на општина Конче за 2026 година, спонзорства и донации.
-При реализација на Програмата, Општина Конче ќе ги поддржува организаторите на спортските манифестации при спроведувањето на нивните активности за обезбедување финансиски средства и друга помош од:
-Буџетот на Република С. Македонија за 2026 година (преку надлежните министерства);
Агенција за спорт и млади на Р.С. Македонија
-Трговски друштва, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;
-Заинтересирани партнери за соработка со општината во земјата и странство
-Други извори.

**4.1. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА**
Средствата од Буџетот на општина Конче за 2026 година од Програмата Л0 во износ од **2.500.000,00 денари**, се распоредуваат како учество на Општина Конче за поттикнување, подржување и помагање за следните активности од областа на спортот и образованието:

| **Р.б** | **Назив на активноста** | **Родова застапеност** | **Износ во денари** |
|---|---|---|---|
| 1. | **СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ** | | |
| | - Меѓуопштински турнир во мал фудбал под рефлектори и организирање на Празникот на Општината ,,12 јули,,<br><br>- Организирање на „Велофест 2026“-општина Конче<br><br>**Вкупно** | Машки/женски | 800.000 ден<br><br>300.000 ден<br><br>**1.100.000 ден** |
| 2. | **ПОДРШКА НА СПОРТСКИ ДРУШТВА-КЛУБОВИ** | | |
| | Подршка на Фудбалски клуб ФК СЕРТА од Конче<br>Подршка на Фудбалски клуб ,,Женски допири,, од с.Конче | Машки/женски | 300.000 ден |
| 3. | **МАСОВНА ФИЗИЧКА КУЛТУРА**<br>-Спортски активности по повод важни празници општински и државни празници;<br>-Учество на меѓуопштински натпревари;<br>- Отворени забавни фудбалски школи;<br>- Учество во пионерска регионална лига во рамките на ОФС Струмица;<br>- Основање на општински фудбалска екипа за сениори за настан на фудбалски натпревари во рамките на Фудбалската федерација на Македонија;<br>Учество на спортски и карневалски настани | Машки/женски | 100.000 ден |
| 4. | **ПОДРШКА НА СОВЕТ НА МЛАДИТЕ – ОПШТИНА КОНЧЕ**<br>Подршка на активности за младите во општина Конче | Машки/женски | 150.000 ден |
| 5. | **ОБРАЗОВАНИЕ**<br>- за првачиња<br>- за полуматуранти<br>-за матуранти<br><br>**Вкупно** | Машки/женски | 200.000 ден<br>350.000 ден<br>300.000 ден<br><br>**850.000 ден** |
| | **ВКУПНО** | | **2.500.000 ден** |

За активностите од областа на спортот кои не се опфатени со оваа програма а ќе се појават во текот на 2026 година, и се од општ интерес за општината, Советот на општината ќе изврши дополнување на истата.

**5. ПОДДРШКА НА МЛАДИТЕ ОД ОПШТИНА КОНЧЕ**
Општината на младите од населените места ќе им помага преку:
- подршка на основање и реализирање на активности на Младинскиот Клуб Конче .
- подршка на активности од културниот и забавниот живот на младите.
- организирање трибини, форуми и дебати на теми што се од нивен интерес,

- организирање кампањи за потенцирање на здравиот начин на живот;
- организирање анкети за да се утврди нивниот интерес и да се насочат сферите на делување на општината.

**6. ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ ЗА ПОДДРЖУВАЊЕ И ПОМАГАЊЕ НА СПОРТСКИТЕ МАНИФЕСТАЦИИ**

Освен со финансиски средства, Градоначалникот и Советот на општина Конче, спортските манифестации ќе ги поддржува и помага со :

- покровителство;
- доделување награди, признанија и пригодни подароци.
- обезбедување стручна, техничка и други видови помош,
- учество на промотивни и протоколарни средби.

**7. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

За сите кои ќе се јават како корисници од средствата за организирање на спортски активности во општина Конче за 2026 година, ќе им бидат доделени, по поднесување на предлог програма со активности (наративна и финансова) за реализирање на активности во 2026 год. и тоа најрано еден месец до спроведување на програмската активност.

За реализација на Програмата надлежен е Градоначалникот на општина Конче.

Вака концепираната Програма за активностите на Општина Конче во областа на спорт и младите и рекреацијата овозможува да се задржат активностите што во изминативе неколку години се поддржани од Буџетот на Општината.

Во областа на спортот во Програмата се предвидени оние спортски манифестации што го оправдаа своето одржување во претходните години, што привлекоа публика и покажаа квалитет.

**ОБЛАСТ: ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКИ ЗДРУЖЕНИЈА И ОРГАНИЗАЦИИ ВО 2026 ГОДИНА**

**1. ЦЕЛИ**

Основни цели на Програмата во областа на активностите на Општина Конче за поддршка на граѓанските здруженија во 2026 година се:

1.Грижата за младите и соработка со граѓански здруженија, во согласност со можностите.
2.Создавање услови за реализирање на активности на граѓаните и здруженијата на граѓани.
3.Афирмација на Општина Конче како општина со развиена мрежа на граѓански здруженија која остварува активна соработка со граѓански здруженија.

**2. АКТИВНОСТИ**

За реализирање на целите на оваа Програма Општина Конче ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси.

Во контекст на ова активностите најмногу ќе се насочуваат кон:

- сочувување на континуитетот на соработката со граѓанскиот сектор,
- обезбедување просторни услови за работа на здруженијата на граѓани,
- давање поддршка на проекти кои се од поширок општествен интерес и задоволуваат потреби на поголема група граѓани,
- воспоставување подеднаква соработка со здруженијата на граѓани од различни интересни групи на делување,
- активности кои ја афирмираат општина Конче во државата и надвор од неа.

Во областа на поддршката на граѓанскиот сектор активностите на Општина Конче ќе бидат насочени кон реализирање на партнерски проекти од поширок интерес на заедницата, кон градење мрежи и коалиции во сите области на делување на локалната самоуправа.

**3.АНАЛИЗА НА СОСТОЈБИТЕ СО ГРАЃАНСКИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА И ОРГАНИЗАЦИИ** 3.1Податоци за регистрирани граѓански здруженија и организации според податоци од Централен регистер на РСМ.

| **Р.б** | **Име на здружение/организација** | **седиште** | **Дата на основање** | **Основна дејност** | **Статус Активно /неактивно** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Здружение ЛРД СТУДЕНЕЦ Конче | Конче | 28.04.1993 | Друштво за Лов и риболов | Активно |
| 2. | Здружение на | Ракитец | 05.01.1999 | Застапување на | активно |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Тутунопроизводители КРИВАЛАКАВИЦА с.Ракитец | | | тутунопроизводители на општина Конче | |
| 3. | Здружение КУД ЦВЕТОВИ с.Дедино | Дедино | 23.01.1999 | Друштво за Фолклор и култура | активно |
| 4. | Фудбалски клуб КОНЧЕ БИРЛИК Конче | Конче | 12.03.1999 | Спортски клуб | Неактивно |
| 5. | КУД КАРАЏАОГЛАН с.Конче | Конче | 23.03.1999 | Друштво за фолклор и култура | неактивно |
| 6. | Здружение ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИ НА ОПШТИНА КОНЧЕ с.Конче | Конче | 15.02.2000 | Организација на жени-Женски права и активности | активно |
| 7. | КУД МАКЕДОНСКИ ГЛАС с.Габревци Конче | Габревци | 26.06.2001 | Друштво за фолклор и култура | неактивно |
| 8. | ОК с.Конче Дејности на струковни организации врз база на зачленување | Конче | 01.04.2005 | Непознато | неактивно |
| 9. | Еколошко-Етнолошко друштво ВЕНЕЦ Конче | Конче | 22.02.2006 | Друштво за екологија и Етнологија | Неактивно |
| 10. | Здружение на земјоделци ЕКО АГРАР с.Ракитец | Ракитец | 26.01.2007 | Развој на земјоделството | неактивно |
| 11. | СЕРТА с.Конче-Дејности на други организации врз база на зачленување, | Конче | 30.01.2007 | непознато | неактивно |
| 12. | Здружение фудбалски клуб СЕРТА с.Конче | Конче | 14.09.2007 | Развој на спортот и фудбалот | активно |
| 13. | ЗКС ЗИЈА ГОКАЛП Конче | Конче | 05.01.2011 | Здружение за култура и спорт | Активно |
| 14. | Здружение ПРАНГИ ИСА БЕГ Конче | Конче | 29.01.2015 | Друштво за култура | неактивно |
| 15. | ФК КОНЧЕ БИРЛИК СКД Конче | Конче | 24.08.2015 | Друштво за спорт и фудбал | неактивно |
| 16. | УСК СПОРТИСТ КОНЧЕ Конче | конче | 14.11.2016 | Друштво за спорт | неактивно |
| 17. | Здружение ЛАГ ПЛАЧКОВИЦА Конче | Конче | 14.02.2018 | Рурален развој | активно |
| 18. | Противпожарно друштво ПОЖАР Конче | Конче | 06.11.1995 | Доброволна противпожарна дејност | неактивно |
| 19. | Противпожарно друштво ГОРИЦИ ОПЕРАТИВА Конче | КОНЧЕ | 16.10.2019 | Доброволна противпожарна дејност | активно |
| 20. | Здружение КАНТАКУЗИНА Конче | Конче | 14.11.2019 | Културни иницијативи, културно наследство Мегународна соработка | Во започнување со активности |
| 21. | ЗГ КУД Конче -Конче | Конче | 29.08.2023 | Друштво за фолклор и култура | активно |
| 22. | Здружение на тутунопроизводители “Млади Тутунари” –Конче | Конче | 13.08.2024 | Здружение на тутунопроизводители | активно |

3.2 Податоци за граѓански здруженија и организации кои делуваат на територијата на општина Конче.

| **Р.б** | **Име на здружение/организација** | **седиште** | **Дата на основање** | **Основна дејност** | **Статус Активно /неактивно** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Здружение на пензионери на општина Конче | Конче | 2023 | Застапување на прва на пензионери во Конче | активно |
| 2. | Здружение на борците на општина Радовиш и Конче | Радовиш | / | Застапување на борците на општина Конче и Радовиш | активно |
| 3. | Здружение МОБИЛНОСТ Радовиш–телесни инвалиди | Радовиш | / | Застапување на права на телесни инвалиди | активно |
| 4. | Здружение за развој на југоситочен плански регион Струмица | Струмица | / | Регионално застаување на 10 општини | активно |
| 5. | Заедница на едниците на | Скопје | / | Застапување на сите | активно |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | локалната самоуправа | | | единици на локлната самоуправа | |

3.3 **Анализа на состојбите со граѓанските здруженија и организации**

Од вкупно 26 Здруженија и организации кои делуваат на територијата на општина Конче во однос на основната дејност од регистрација :
**Според Стусот активни –неактивни состојбата е следнава:**
15-здруженија општински, мегуопштински, регионални и на ниво на држава се активни;
11-здруженија главно општински се неактивни без покажана граѓанска активност во 2023 и изминатите години.
Според основна дејност од регистрација од вкупно 26 здруженија
- 1 здружение за риболов, лов и рекреација;
- 1 здружение за застапување на правата на тутунопроизводителите од општина Конче;
- 5 здруженија за култура, фолклор и манифестации;
- 4 здружени за спорт, спортски клубови;
- 1 здружение за организација на жени;
- 1 здружение за развој на земјоделието;
- 2 здруженија доброволно противпожано друштво;
- 1 здружение за рурален развој;
- 1 здружение за пензионери;
- 1 здружение на борци;
- 1 здружение за културни иницијативи , културно наследство и мегународна соработка;
- 1 здружение за телесни инвалиди;
- 1 здружение за екологија и етнологија
- 1 здружение за регионален развој на југосточниот плански регион;
- 1 здружение за локлна самоуправа на РСМ;
- 2 здружение непознато.

**Според датумот на основање регистрирање на локално ниво**
-2 здружение се со постоење повеќе од 25 години
-6 здруженија се со постоење повеќе од 20 години
-5 здруженија се со постоење повеќе од 15 години
-2 здруженија со постоење повеќе од 10 години
-3 здруженија со постоење повеќе од 5 години
-1 здруѓение со постоење повеќе од 3 години
-2 здруженија со постоење од 2023 година

**Заклучок**
Иницијативите и потребите на граѓаните од населените места за здружување и организирање во организации и здруженија постојат во континуитет од основањето на општина Конче како единица на локална самоуправа. Во делот на активното работење како невладини организациии, здруженија на граѓани можеме да констатираме намален обем и тенденција на постепено опаѓање на активностите особено кај здруженија основани во општина Конче. Дури 11 здруженија се неактивни, без забележани активности во период од 3 години.
Од локалните здруженија кои во континуитет покажуваат свои активности најмногу се присутни здружението за лов и риболов, здружението за тутунопроизводители,културните фолклорните друштва, потоа здруженијата за спорт, здружението организација на жени и здруженија за противпожарна заштита.
**Потреба од подобрување на состојбите со невладиниот-граѓански сектор.**
Општина Конче за потребите на локалниот развој има неопходна потреба од активни здруженија кои активно ќе се вклучат во развојот на општина Конче со сопствени или партнерски проекти со општината или други државни организации.
За таа цел потребно е
- остварување на почести контакти и средби со претставниците на здруженијата;
- назначување на лице за невладиниот сектор од Советот или општинската администрација;
- отварање на повици за финансирање на проекти на здруженија;
- подршка на активности и проекти на здруженија;
- организрање на партнерски проекти со општината;
- активно вклчување во културните и други важни настани на општината;
- активно вклчување во социјални и хумани програми на општината;

## 4. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма е од Буџетот на Општина Конче, од спонзорства и донации.

За активности од областите што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност, квалитет и општ интерес ќе се појават во текот на 2026 година, ќе бидат ангажирани дополнителни средства од Буџетот на

општината.
4.1 Планираните финансиски средства за граѓански организации во 2026 година изнесува **вкупно 4.000.000** денари.

| | **III. ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКИ ЗДРУЖЕНИЈА И ОРГАНИЗАЦИИ** | **Општина Конче** | **Донации** | **Родова распределба Машки/женски** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Учество во реализација на проекти и поддршка на програмски активности со здруженија на граѓани | 3.850.000 | / | Машки/женски | 3.850.000 ден |
| 2. | Поддршка на програмски активности на здруженија на граѓани кои делуваат надвор од општина Конче ( од 5.000 до 15.000) денари | 100.000 ден | / | Машки/женски | 100.000 ден |
| 3. | Помош при регистрација на нови и пререгистрација на постојни невладини организации | 50.000 ден | / | Машки/женски | 50.000 ден |
| | **ВКУПНО** | **4.000.000 денари** | **/** | **/** | **4.000.000 денари** |

**3.4. ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ**

Освен со финансиски средства Општина Конче активностите на здруженијата на граѓани ќе ги помага и со:

- покровителство;
- доделување награди и признанија,
- обезбедување стручна, техничка и други видови помош,
- учество на промотивни и протоколарни средби.
- организирање трибини, форуми, дебати и сл. на теми што се од нивен интерес,
- организирање кампањи
- организирање анкети за да се утврди нивниот интерес и да се насочат сферите на делување на општината.

Практичната реализација и контрола ќе се одвиваат преку Советот Општина Конче и Комисијата за јавни дејности, а следењето активностите на оваа Програма ќе се одвива преку Одделението за јавни дејности и во соработка со здруженија на граѓани и фондации во Општина Конче.
Во 2026 година Општина Конче ќе ги поддржи проектите на Здруженијата на граѓани и Фондации кои се опфатени во програмите за спорт, култура, социјална заштита и образование, проекти на Здруженија на граѓани чија дејност е заштита на животната средина, демократските процеси, хуманитарна дејност итн. за овој вид поддршка од Буџетот на Општина Конче се издвојуваат 4.000.000 денари .
Средства за партнерски проекти на Општина Конче со Здруженија на граѓани се планираат во случај здруженијата да добијат грант за проект кој е од поширок интерес на заедницата за кој се бара и учество на општината. Бидејќи овие проекти не можат да се планираат однапред, средствата во оваа ставка се паушално определени.

**ОБЛАСТ: 3.РАЗВОЈ НА КУЛТУРАТА ВО ОПШТИНА КОНЧЕ**

**1. Вовед**

Со Програмата за активностите од областа на културата за 2026 година, се продолжува со поддршката на манифестации од областа на културата кои претставуваат традиционални вредности и белег на Општина Конче.
Воедно се продолжува и со подршката на проекти од областа на културата на институции, здруженија на граѓани и поединци од подрачјето на Општина Конче.

**2. ЦЕЛИ**

Основни цели на оваа Програма се:
- Обезбедување активен однос на општина Конче кон задоволувањето на потребите и интересите на граѓаните во областа на културата;
- Сочувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на Општина Конче;
- Сочувување и афирмирање на културниот идентитет на Општина Конче;
- Создавање услови за квалитетно културно жиеење, соодветно на статусот на општина Конче;

- Промовирање и поддржување на нови идеи и проекти што ја афирмираат Општина Конче на културен план;
- Презентирање и афирмирање на творците, и институциите од областа на културата во земјава и странство;
- Интензивирање и збогатување на меѓународната културна соработка.
- Обезбедување континуитет на традиционалните културно-уметнички манифестации кои се од локален и меѓународен карактер;

- Одбележување на значајни датуми и личности од нашата историја и култура,
- Активности кои се во функција на туризмот и промовирање на општина Конче
- Стимулирање и обновување на старите занаети и традиционални вештини,
- Поддржување проекти од невладиниот сектор кои се од интерес за општина Конче.
- Одбележување на значајни датуми и личности од нашата историја и култура,
- Активности кои се во функција на туризмот и промовирање на општина Конче
- Стимулирање и обновување на старите занаети и традиционални вештини,
- Потикнување на меѓународна културна соработка при што приоритет ќе има реципрочната соработка со збратимените општини и програмите за регионална културна соработка;

## 3. КУЛТУРНИ АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Конче во обласа на културата ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање на остварувањето на целите на оваа Програма;
Во таа смисла ќе се спроведуваат активностите за:
-Сочувување на континуитетот на одржувањето на традиционалните културно - уметнички манифестации со потврдени квалитети и присутен голем интерес на граѓаните;
-Реализирање на манифестации, програми и проекти со современи содржини кои квалитетно го збогатуваат културниот живот на општината;
-Помагање на манифестациите на младите со културни-уметнички и забавно-едукативни содржини;
- Претставување во општината во Република С. Македонија и странство на афирмирани уметници, ансамбли и институции, како и на млади творци и интерпретатори, во согласност со утврдени критериуми;
- Поддржување на откривањето и презентирањето на нови сознанија за материјалното и духовното наследство за општина Конче;
- Одвивање на културно-уметнички и забавни приредби на атрактивни историски и урбани простори и објекти на подрачјето на општина Конче;
-Издавање публикации за историското наследство, културната традиција, современиот културен живот и уметничкото творештво во општина Конче;
-Унапредување на меѓународната-културна комуникација врз со други градови од земјата и странство
- Остварување на продуктивна соработка со меѓународни асоцијации, организации и фондации кои го помагаат развојот на културата во локалните заедници.

### 3.1 Планирани културни активности

Приоритет ќе им биде дадено на културните манифестации и проекти кои ги афирмираат потврдените вредности во развојот на културата и во афирмацијата на културните вредности и културниот идентитет на Општината.

### <u>3.2 Културни манифестации</u>

**Манифестација „12 јули Празник на општина Конче”**
Се одржува во период јуни- јули, во организација на локалната самоуправа - Конче на отворените локации во двор на манастирот „Свети Стефан„ „Дом на култура Конче” и други локации во општината со повеќе поединечни програмски содржини во организација со Министерството за култура.

- **12-ти Јули (Петровден)** е востановен како празник на општина Конче и по тој повод се доделуваат награди, признанија и благодарници, се организира културно-забавна програма со настап на реномирани пеачи и Меѓународен фестивал со настап на домашни фолклорни друштва и ансамбли и други ансамбли од земјата и од странство.
- **Турнирот во мал фудбал** под рефлектори кој традиционално се организира секоја година, и трае 20 дена, е проследен со културни манифестации и забава со настап на реномирани пејачи.

Други културни манифестации кој се предвидуват во програмата за 2026 година се:
**Манифестација-Етно културен настан ,,Тутунот Наша горда традиција,,**
Ќе се одржува во окомври,во организација на Здружение на тутунопроизводители Лакавица-Конче, КУД Конче-Конче, ФА Цветови Дедино и Здружение Зија Гокалп Конче и општина Конче.
За оваа година со утврдување на конкретен датум да се организира културен настан проследен со музички, забавни и културни содржини и организрање на етно базар во организација на жени на општина Конче за презентација на локалната гастономија и фолклор. Настанот ќе овозможи промоција на општина Конче во државата и надвор од неа.

**Книжевна манифестација „Литературни читања“**
- Литературни читања по различни поводи и соработка со учениците од ООУ ,,Гоце Делчев,, кои го негуваат пишаниот збор.Ќе се одржува во месецот март во организација на општина Конче и ООУ „Гоце Делчев„-Конче со гостување на еминентни уметници.

**Ликовна колонија „Конче“.**
- Детска ликовна колонија проследена со изложба и печатење на промотивен материјал ќе се одржува во август месец во дворот на манастирот „Свети Стефан„ во организација на општина Конче.

- Организирање на изложба на дела со ликовни уметници од Републиката.Ќе се одржува во месец октомври во организација на Конче

**Манифестација „Василичари” општина Конче**
- Се одржува на 13<sup>-ти</sup> јануари во организација на граѓани од населените места во општина Конче .

**Манифестација Новогодишна приредба**
- Новогодишна манифестација по повод Новата година во организација на општина Конче и ООУ Гоце Делчев-Конче.

**Манифестација „Богојавление“**
Се одржува на 19 јануари „Богојавление“ со фрлање на крстот во населените места во општина Конче

**Манифестација „Ден на лозарите”**
-Се одржува во февруари на „ Св.Труфун“ во организација на лозарите во општина Конче.
на граѓани тутунопроизводители” - Конче.

**Манифестација Конечки маскенбал „”**
- Ќе се одржува во Април месец во организација на локалната самоуправа - Конче со учество на училишната младина од ОУ „Гоце Делчев„, на центарот - Конче.

**Манифестација „ Дена на медот“**
- Ќе се одржува во Април месец во организација на Здружението на пчелари од општина Конче;

**Манифестација „Ден на сесловенските просветители”**
- Ќе се одржува по повод 24-ти мај „Свети Кирил и Методиј” - Ден на сесловенските просветители во организација на општина Конче.

**Манифестација „Месец на книгата “**
- Ќе се одржува од 15-ти октомври до 15-ти ноември, во организација на Библиотека Браќа Миладиновци Радовиш и училишна библиотека „ООУ Гоце Делчев” - Конче и општинска библиотека со повеќе поединечни програмски содржини.

**Манифестација „Одбележување на 15-ти Октомври Меѓународниот ден на рурална жена“.**
- Ќе се одржува во Октомври месец во организација на Здружението „Организација на жени Конче“, Конче;

**Манифестација „Пензионерите за својата општина ”**
- Традиционална манифестација Организатор - Здружение на пензионерите – Конче.

**Манифестација „Почит кон Борците од НОБ„**
-Подршка на манифестации за одбележување на значајни датуми од македонската историја поврзани со настаните од народно-ослободителната војна

**Манифестација „21-ви Декември ден на настава на турски јазик“**
- Традиционална манифестација за одбележување на денот на настава на турски јазик

**Манифестација „ Гарвански средби“**

**3.3 Други видови културни програми и проекти.**
Општина Конче ќе обезбедува подршка на културно уметничкото творештво и културно уметничката презентација (поединечни програмски форми - концепти, претстави, изложби, промоции и слично) во општината во областите на културата: музиката, сценската уметност, ликовната уметност, литературата и културното наследсво (фолклорот, традицијата, обичаите и старите занаети) , а врз основа на целите на оваа Програма.

**3.4 Спомен – обележја, споменици и други градби**

Поддршка на локалната самоуправа се обезбедува на изградба и одржување на спомен - обележјата, а врз посебна Програма за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен-обележја со која ќе се уредува изградбата и одржувањето на спомен-обележјата во Општината (бисти, склуптури, плочи, чешми, фонтани, и други уметнички и архитектонски дела и творби), што со своите содржини и ознаки одбележуваат настани и личности од историјата и културата на граѓаните во Општината од сите етнички припадности или од народната традиција, кои се од локално значење.Со оваа Програма се обезбедува поддршка на граѓаните и проектите на локалните и другите јавни установи од културата во Општината.

**4. Финасирање на програмата за култура**

Активностите на општина Конче од областа на културата, утврдени со оваа Програма, ќе се финансираат од средствата на Буџетот на општина Конче предвидени **500.000 денари** за 2026 година, средства од Буџетот на Република С. Македонија, спонзорства и донации.
При реализација на Програмата, Општина Конче ќе ги поддржува организаторите на манифестациите и реализаторите на проектите при спроведувањето на нивните активности за обезбедување финансиски средства и друга помош од:
-Буџетот на Република С. Македонија за 2026 година (преку надлежните министерства);
-Трговски друштва, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;
-Заинтересирани партнери за меѓусебна соработка во земјата и странство; и
- Други извори.
За период од нејзината имплементација, Програмата е отворена, а новите содржини се утврдуваат со изменување и дополнување на Програмата

**ВКЛУЧУВАЊЕ НА РОДОВАТА ПЕРСПЕКТИВА ВО ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ**

Општина Конче е обврзана согласно Законот еднаквите можности на жените и мажите да го почитуваат принципот на еднакви можности на жените и мажите и да усвојува мерки и да преземаат активности кои се потребни за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите.

Во насока на остварување на принципот на еднакви можности за мажите и жените во програмата се вклучени и првеземени следниве активности:
**-** Воведени се програмски мерки од Годишниот план за еднакви можности на жените и мажите во општина Конче за 2026 година во областите на јавните дејности. Преземени се конкретни позитивни мерки во програмата за јавни дејности за унапредување на родовата рамноправност и воспоставување на еднакви можности кои ќе бидат оправдани и засновани на анализи за вклченоста на жените и мажите во делот на социјалната заштита.
- Општина Конче во програмата за јавни дејности ќе прибара податоци за вкупниот број ангажирани лица, за половата структура на корисниците на програмата, за образовната структура и за состојбата со распоредувањето на мажите и жените во превземени програмски активности. Добиените податоци од ваквата анализа на степенот на имплементација на Законот за еднакви можности на жените и мажите во програмата ќе бидат показатели за родова слика во дистрибуцијата на ресурсите од програмата,распределба на ангажираните/вработените лица жени и мажи на работни места при спроведување на програмата на општина Конче.

**ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ ЗА 2026 ГОДИНА**

Финансиската поддршка на програма ќе се обезбедува од Буџетот на Општината. За реализација на овие јавни дејности се предвидени вкупно **7.000.000,00** денари.

За период од нејзината имплементација, Програмата е отворена, а новите содржини се утврдуваат со изменување и дополнување на Програмата

**РАСПРЕДЕЛБА НА ПРЕДЛОГ БУЏЕТ ЗА ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ ПО ОБЛАСТИ**

| Р.б. | Област на јавна дејност | Планирани |
|---|---|---|
| 1. | Развој на спортот,младите и рекреацијата во општина Конче | 2.500.000,00 |
| 2. | Развој и подршка на НВО секторот во општина Конче | 4.000.000,00 |
| 3. | Развој на културата во општина Конче. | 500.000,00 |
| | **ВКУПНО** | **7.000.000,00** |

**5. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Програмата за Јавни дејности на Општина Конче за 2026 година влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Конче “.

Број 08-2444/5
Дата 16.12.2025
Конче

Совет на општина Конче
Претседател,
Бранкица Вчкова,